ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга
емаил: ou-klimentohridski-draslajca-struga@schools.mk
блог: https://ouklimentohridski.wordpress.com/

# ПРАВИЛНИК ЗА УПОТРЕБА НА МОБИЛНИТЕ ТЕЛЕФОНИ ПРИ ООУ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – с. Драслајца, Струга

## I Основни одредби

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат начинот, правата и обврските на учениците, родителите на учениците и наставниците за правилно користење на мобилните телефони.

**Член 2**

Со почитувањето на овој Правилник се овозможува успешно одвивање на воспитно образовната работа на училиштето, подобрување на работната дисциплина и безбедноста во училиштето и превентивно делување на појавата на дигитално насилство во училиштето.

**Член 3**

Правилникот за безбедно и одговорно користење на мобилните телефони е дел од безбедносната политика на училиштето и е донесен со цел за:

- подобрување на дигиталната безбедност,
- јасно дефинирање на прифатлива и дозволена употреба на мобилните телефони,
- заштита на корисниците од разни видови онлајн злоупотреба,
- безбедно, одговорно и ефективно користење на мобилните телефони,
- пропишување на санкции во случај на повреда на одредбите од Правилникот.

## II Користење на мобилните телефони од страна на учениците

**Член 4**

Користењето на мобилни телефони во училиштето за време на часовите од страна на учениците е строго забрането. Телефоните мора да се исклучат за време на часовите.

За време на часот ученикот е должен да го остави мобилниот телефон на однапред одредено место во училницата.

Учениците имаат можност да користат мобилен телефон за време на наставата, само со дозвола од наставникот, за да ја обработат соодветната наставна единица.

Доколку ученикот го користи телефонот без дозвола на наставникот, наставникот веднаш го забележува ученикот во дневникот за работа. По барање, ученикот е должен телефонот да го предаде на наставникот, кој по завршувањето на часот го носи кај директорот, класниот раководител или стручниот соработник, каде што ќе остане до доаѓањето на родителите на ученикот.

**Член 5**

Учениците имаат право да ги користат своите телефони само за комуникација (воспоставување на телефонски повик) за време на малите одмори и големиот одмор.

**Член 6**

Строго е забранeто:

- фотографирање или снимање на други ученици, наставници или на наставниот процес за време на часовите или за време на паузите, во училиштето или во училишниот двор;
- Употребата на социјалните мрежи на мобилните телефони на учениците.

**Член 7**

Доколку се утврди дека ученикот користел слики или снимки од други ученици, наставници или вработени во училиштето, ги објавил на социјалните мрежи, против ученикот ќе биде поведена воспитно-дисциплинска постапка согласно Законот за основно образование, важечките прописи и општите акти на Училиштето.

**Член 8**

Од учениците се бара:

- да се придржуваат кон Кодексот за однесување во училиштето и другите општи акти на училиштето во просториите на училиштето и во училишниот двор, на други места каде што се изведуваат воспитно-образовниот процес.
- при воспитно-образовната работа да ја почитуваат забраната за користење на мобилни телефони и сите други средства кои можат да ја попречат работата.

## III Користење на мобилните телефони од страна на наставниците

**Член 9**

Наставниците имаат можност да користат мобилен телефон за време на часот, заради одржување на часот и заради полесно презентирање на материјалот планиран за обработка на соодветната наставна единица.

За други цели, забрането е користење на мобилен телефон или други средства кои можат да го попречат редовниот воспитно образовен процес.

## IV Користење на мобилните телефони од страна на родителите и трети лица

**Член 10**

Родителите и трети лица се должни да ги почитуваат Кодексот за однесување и другите општи акти на Училиштето.

**Член 11**

Родителите, покрај обврските кои се заеднички за сите други лица, ги имаат и следните обврски:

- да дојдат во училиштето на покана на директорот на училиштето, раководител на паралелката, стручен соработник или наставник;

- редовно да доаѓаат на родителски состаноци и да се интересираат за учењето и однесувањето на нивното дете;
- да соработуваат со раководителот на паралелката и предметните наставници во врска со користењето на мобилниот телефон;
- да го исклучат или да го намалат звукот на својот мобилен телефон на родителски состаноци, седници и собири организирани од училиштето;
- да го известат раководителот на паралелката за промената на бројот на мобилниот телефон;
- да обезбедат поддршка на училиштето во извршувањето на воспитно-образовната работа.

Строго е забрането фотографирање или снимање на деца, наставници, други вработени и трети лица во училиштето, пред училиштето или во училишниот двор без нивна дозвола.

## V Преодни и завршни одредби

**Член 12**

Сите вработени во Училиштето се должни :

-да ги почитуваат Кодексот за однесување во училиштето и другите општи акти на Училиштето;

- да ги почитуваат одредбите на овој правилник за употреба на мобилни телефони при воспитно-образовна работа.

**Член 13**

За учениците и вработените кои ќе сторат прекршување на обврските и забраните ќе се применуваат мерките утврдени со закон или општиот акт на Училиштето.

Против родителите или другите законски застапници и трети лица кои ќе сторат прекршување на правилата на однесување на Училиштето и прекршување на забраните ќе се применуваат мерките утврдени со закон.

**Член 14**

Правилникот влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на училиштето.

Директор

_______________________

/Мирослав Размоски/

ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга
емаил: ou-klimentohridski-draslajca-struga@schools.mk
блог: https://ouklimentohridski.wordpress.com/